## За организаторот на Трибината

ЗМКГБ е експертска, невладина и непрофитна инженерска организација и е член на Меѓународната комисија за големи брани (ICOLD) од 1950 година, како дел од поранешниот YUCOLD. Како независна организација, MACOLD е член на ICOLD од 1994 година и член на Европскиот клуб на ICOLD од 2006 година.

MACOLD има важна улога во процесот на проектирање, изградба и одржување на големи брани во Р. Македонија, преку директно учество на нејзините членови во реализација на проекти, како и во организацијата на повеќе конгреси, симпозиуми, работилници, студиски посети и стручни презентации.

Во минатиот период ЗМКГБ ги реализира следните научни собири:

(1) Советување на тема: Проектирање и изградба на браната Козјак (1999),
(2) I конгрес за брани (2004),
(3) Советување на тема: Браната Козјак – искуство од изградбата, првото полнење и почетната експлоатација (2005),
(4) II конгрес за брани (2009),
(5) Меѓународна работилница "Напредни методи и материјали за изградба на брана", со предавачи од Грција, Швајцарија и Р. Македонија (2009),
(6) Меѓународен симпозиум "Брани - неодамнешно искуство во истражување, проектирање, изградба и одржување", во организација на MACOLD и SLOCOLD (2011),
(7) Конференција на тема: Хидројаловиштата во Република Македонија (2012),
(8) III конгрес за брани (2013),
(9) 10. советување за водостопанство и хидротехника (2014),
(10) Конференција на тема: Состојбата со водостопанската инфраструктура (2015), и
(11) 11. советување за водостопанство и хидротехника (2016)
(12) IV конгрес за брани (2017)

## Организационен одбор

- Љупчо Петковски (УКИМ, ГФ, претседател на ЗМКГБ)
- Драги Дојчиновски (УКИМ, ИЗИИС, потпретседател на ЗМКГБ)
- Славко Милевски (АД ЕЛЕМ, ген.секретар на ЗМКГБ)
- Стевчо Митовски (УКИМ, ГФ, тех. секретар на ЗМКГБ)
- Илбер Мирта (МЖСПП, Сектор за води)
- Славе Арсоски (МЗШВ, Управа за водостопанство)
- Ацо Јаневски (АД ВСРМ, Скопје)
- Дејан Мираковски (УГД, ФПТН, Штип)
- Борче Гоцевски (р. САСА, Македонска Каменица)
- Живко Гоцев (р. БУЧИМ, Радовиш)
- Блашко Димитров (ЗМКГБ, КОАОИ)
- Миле Илиевски (ЈП Злетовица, Пробиштип)
- Марјан Ѓероски (ЈП Стрежево, Битола)
- Дејан Арсовски (ЈП Лисиче, Велес)
- Илија Марков (АД БЕТОН, Скопје)
- Орце Мангаровски (АД ГРАНИТ, Скопје)
- Ванчо Ангелов (ГХК - Скопје)
- Добре Тасевски (СИНТЕК Специфик, Скопје)
- Благоја Дончев (АДИНГ, Скопје)
- Игор Николоски (ГИМ, Скопје)
- Драган Димитриевски (ГЕИНГ-КуК, Скопје)
- Јосиф Ќаевски (ХЕИ, Скопје)
- Лазо Чакаровски (Чакар & Партнерс, Скопје)
- Здравко Јаковлевски (МГМ, Скопје)
- Снежана Мартулкова (МЖСПП)
- Лидија Зафировска (ДИЖС)
- Александар Сапунџиовски (МЗШВ)
- Маријана Поповска (ЗИМ, Скопје)
- Бранислав Башиќ (ЈП Стрежево, Битола)
- Даниел Цеков (АДИНГ, Скопје)
- Станислава Додева (ЗМКГБ)
- Маријана Лазаревска (УКИМ, ГФ, ЗМКГБ)
- Грозде Алексовски (УКИМ, ГФ, ЗМКГБ)
- Јован Б. Папиќ (УКИМ, ГФ, ЗМКГБ)
- Игор Пешевски (УКИМ, ГФ, ЗМКГБ)
- Фросина Пановска (ЗМКГБ)
- Олга Дојчиновска (ЗМКГБ)

## Почесен одбор

- Љупчо Николовски
- Јани Макрадули
- Илми Селами
- Драган Миновски
- Николајчо Николов
- Неил Стевенсон
- Дејан Нешковиќ
- Страшо Милковски
- Љубомир Танчев
- Илија Андонов – Ченто
- Михајло Серафимовски
- Наум Гапковски
- Станислав Миловановиќ

## Редакциски одбор

- проф. д-р Љупчо Петковски, (Македонија), УКИМ, Скопје
- проф. д-р Емилија Беднарова (Словачка)
- проф. д-р Алтан Абдуламит (Романија)
- проф. д-р Андреј Крижановски (Словенија)
- проф. д-р Гералд Зенц (Австрија)
- проф. д-р Џорџ Доуниас (Грција)
- проф. д-р Тина Дашиќ (Србија)
- проф. д-р Димитар Кислиаков (Бугарија)
- проф. д-р Зекирија Идризи (Македонија), ДУТ, Тетово
- проф. д-р Благој Голомеов (Македонија), УГД, Штип
- проф. д-р Вилос Илиос (Македонија), УКЛО, Битола

**Здружение Македонски комитет за големи брани (ЗМКГБ)**

Член на Меѓународната комисија за големи брани (ICOLD)

Член на Европскиот клуб на ICOLD

# Трибина на тема: 80 години на Инженерството за брани во Р. Македонија

Прво соопштение (27.4.2018)

Скопје, 19.10.2018 година

## Цели на Трибината

Оваа година прославуваме значаен јубилеј – 80 години на Инженерството за брани во Р Македонија. Првата брана во Р Македонија, лачната брана Матка, била изградена во 1938 година. Со изведбата на браната со придружните објекти, на излезот од кањонот на реката Треска во близина на Скопје, формирана е акумулацијата Матка. Со комплетирањето на крајбранската хидроцентрала, започнало енергетското користење на водите на р. Треска. Денес, градителите на брани во Р Македонија, со гордост може да констатираат дека клучниот столб на нашата водостопанска инфраструктура се 43 брани со регионално значење, од кои 4 се јаловишни брани, и околу 110 се ниски насипни брани со локално значење. Според критериумот на ICOLD, браните од посебно значење и одреден број ниски брани се во категоријата на „големи брани", што покажува дека пропорционално на големината на државата, Р Македонија е позиционирана во врвот на „Инженерството за брани" во Европа.

Трибината на тема: 80 години на Инженерството за брани во Р Македонија, во организација на ЗМКГБ претставува продолжение на активностите на нашето здружение во изминатиот период. Основната цел на овие активности е да обезбеди размена на искуства и трансфер на знаење на неговите членови, со цел – напредок на хидротехниката во Р Македонија. Главната цел на Трибината е да се претстави искуството на членовите на MACOLD, но и на сите други инволвирани во Инженерството за брани, кај нас и во регионот, стекнато при истражување, проектирање, изградба и одржување на браните со придружните објекти и експлоатација и оперирање со хидросистемите.

## Поддржувачи на манифестациите на ЗМКГБ во 2017

| | |
|---|---|
| 01 | АД ЕЛЕМ - Скопје |
| 02 | Гранит - Скопје |
| 03 | ГФ, УКИМ - Скопје |
| 04 | Веидекке (Норвешка) |
| 05 | Бучим - Радовиш |
| 06 | Саса - М.Каменица |
| 07 | Геинг - Скопје |
| 08 | ЗИМ - Скопје |
| 09 | ЈП ХС Стрежево - Битола |
| 10 | Чакар&Партнерс - Скопје |
| 11 | Адинг - Скопје |
| 12 | ГХК - Скопје |
| 13 | Марковски К 73 - Струга |
| 14 | ГТИ, Скопје |
| 15 | КОАИ на РМ - Скопје |
| 16 | МЗШВ на РМ - Скопје |
| 17 | АД Водостопанство - Скопје |
| 18 | ГИМ - Скопје |
| 19 | ХЕИ - Скопје |
| 20 | Хидро Консулт - Скопје |
| 21 | ИЗИИС, УКИМ – Скопје |

## Општи информации за Трибината

Работниот дел на Трибината ќе се одржи на 19.10.2018 година во КОАОИ, Скопје, додека на 20.10.2018 (Сабота) е предвидена стручна посета на профилот Матка, на браната со придружните објекти и хидроцентралата. Котизацијата за учество на Трибината изнесува 3,000 денари (или 50 €) и вклучува учество на Трибината, Зборник на трудови, освежување во паузите и коктел/ручек во КОАОИ или вечера во ресторан во Скопје.

Покрај членовите на ЗМКГБ и на националните комитети за големи брани од регионот, за учество на Трибината се поканети сите што се инволвирани во Инженерството за брани, односно вработени во државни и научни институции, енергетски, водостопански и комунални претпријатија, како и во градежни и инженеринг компании.

Учесниците на Трибината ќе добијат Потврда за континуиран професионален развој од КОАИ бодирана со 3 CPD. Официјални јазици на Конгресот се македонски и англиски.

## Теми на Трибината

Рефератите за Трибината, претходно необјавувани, треба да се однесуваат на следните теми:

- водостопански и хидролошки истражувања за планирање на хидројазли со брани и водни акумулации,
- геодетски, геотехнички и сеизмички подлоги за проектирање на брани,
- варијантни решенија за диспозиција на објектите на хидројазлите со брани и акумулации,
- примена на напредни методи за конструкциска (статичка и динамичка) и филтрациона анализа на браните,
- современа хидролошка и хидрауличка анализа на придружните објекти,
- нумеричка статичка и сеизмичка анализа на придружните објекти на браните и машинските згради на хидроцентралите,
- проценка на еколошки и социолошки влијанија при планирањето на браните
- примена на нови типови на брани, технологии и материјали за градба на брани,
- контрола на квалитетот на материјалите при градба на браните,
- мерки за заштита на животната средина при градењето на браните и придружните објекти,
- организација на техничкото набљудување на браните, придружните објекти и акумулациониот простор,
- санација и надградба на брани и придружни објекти,
- рекултивација на хидројаловишта, депонии и позајмишта,
- унапредување на оперативни правила за приоритетни водокорисници и за одбрана од поплави кај изградените хидросистеми,
- менаџмент при градба на идни капитални хидросистеми со брани и хидроцентрали.

## Пријавување на реферати

Заинтересираните автори треба да го пријават насловот и да достават резиме од рефератот на македонски или на англиски јазик во електронска форма (Word DOC формат) на следната е-пошта: **smitovski@gf.ukim.edu.mk**

Резимето да не биде подолго од 200 зборови, да содржи концизна информација за трудот, имиња на авторите, организацијата, адреса, телефон и е-пошта за контакт.

Редакцискиот одбор ќе изврши преглед на пријавените резимеа и авторите ќе бидат известени по електронски пат за прифаќањето на резимето, кога ќе добијат и детални упатства за подготовка на комплетниот реферат. Рефератот е предвидено да биде ограничен на најмногу 12 страни. Еден автор, како прво наведен автор на реферат, може да учествува најмногу со два реферати.

Подготвените реферати според упатството треба да се доставaт во електронска форма (Word DOC формат) на дадената е-пошта. Прифатените реферати од Редакцискиот одбор, ќе бидат печатени во Зборник на трудови.

## Стручна посета

Детали за посета на браната со придружните објекти и ХЕЦ Матка ќе бидат дадени во следното соопштение.

## Важни датуми

| | |
|---|---|
| **14.7.2018** | Доставување на резиме |
| **31.7.2018** | Известување за прифаќање на резимето, со детални упатства за подготовка на рефератот |
| **31.8.2018** | Доставување на комплетни реферати |
| **28.9.2018** | Конечно соопштение со програма на. Трибината |
| **19.10.2018** | Работен ден на Трибината, Скопје |
| **20.10.2018** | Стручна посета на брана Матка, Скопје |